Врз основа на Програмата за социјална заштита 2022 и Акцискиот план за развој на волонтерството 2019 – 2022, а во соработка со Советот за волонтерство, Општина Битола објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

### за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството за организирање на волонтерски акции

1. **Вовед**

   Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството, за организирање на волонтерски акции во рамките на мерката: поттикнување на волонтирањето на локално ниво, а во насока на остварување на заложбите на Општина Битола за поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од суштествено значење за локалната заедница, како што е волонтирањето и општествената одговорност.

2. Волонтерските акции може да се реализираат на отворен или затворен јавен простор (училишта, градински, детски игралишта, плоштади, паркови и сл.) и вклучуваат граѓани од различни целни групи (пол, возраст, етнички и социјални групи, професии и сл.). Идеи за волонтерски акции: расчистување, садење дрвја и зеленило, разубавување на јавни простори, цртање на мурали, изработка на клупи/маси од палети, средување на училишни дворови, бојадисување на огради, вело паркинзи, канти за отпадоци, поправки и бојадисување на клупи, детски реквизити во паркови и сл.

   *Напомена: за сите волонтерски акции треба да се обезбеди дозвола од одговорните за јавниот простор/опрема.

3. **Бодирани критериуми за аплицирање** (Максимум 100 бодови)

   3.1. Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

   - 3.1.1. Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и
   - 3.1.2. Да имаат седиште во Општина Битола.

   3.2. Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

   - 3.2.1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на волонтерство и општествената одговорност). **30**.
   - 3.2.2. Опис на акција/проект (цели, резултати, активности, пристап). **30**.
   - 3.2.3. Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост). **20**.
   - 3.2.4. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците). **20**.

   *За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

4. **Временската рамка** за спроведување на волонтерските акции е до 31 декември 2022 година.

5. **Висината на финансиските средства** кои ќе се доделат за организација за волонтерска акција изнесува најмногу до 15.000 денари.

*Доколку има повеќе исти или слични апликации за волонтерски акции Локалниот Совет за волонтерство може да препорача на одредени апликанти заемна соработка со други апликанти.

**6. Поднесок на апликации**

6.1. Здруженијата и фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка што може да биде одобрена од Комисијата за финансии и буџет.

6.2. Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со една волонтерска акција.

*На повикот може да учествуваат и училишта, граѓански иницијативи и други неформални групи кои ќе поднесат апликации во партнерство со здружение или фондација.

7. **Потребна документација** за пријавување:

7.1. Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во Општина Битола).
* Доколку предлог проектот е поднесен од коалиција на здруженија или друг вид на партнерство, истото треба да се наведе во апликацијата и завери со потпис и печат.

7.2. Тековна состојба од Централен регистар на РМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци.

7.3. Документацијата се доставува до Општина Битола - Одделение за јавни дејности, Булевар „1-ви Мај" бр.61, во рок од 8 дена од денот на објавување на овој повик (не сметајќи го денот на објавувањето) заклучно со 09.11.2022

**8. Користење на доделените средства**

8.1. Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

8.2. Локалниот Совет за волонтерство го следи наменското трошење на доделените средства.

бр.08- 1169/1

01.11.2022

ГРАДОНАЧАЛНИК

д-р Тони Коњановски